**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1250/**

# З А П И С Н И К

**Од 245.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 22.02.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани**(скајп)**,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Стојан Трпчевски-Уредник на информативна програма.

Седницата започна во 14.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 244.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгледување на Правила за медиумско покривање на претседателските и на парламентарните избори 2024.

3. Разгледување на Извештаи од редовен програмски и административен надзор на АВМУ врз МРА1, МРА2 и МРА3.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 244.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 244.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 244.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 244.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разлгледување на Правила за медиумско покривање на претседателските и на парламентарните избори 2024.**
Овие правила претставуваат операционализација на обврските на Јавниот радиодифузен сервис за покривање изборни процеси пропишани во Изборниот законик.Според изборната регулатива Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборите во својата програма и да овозможи пристап до сите облици на изборно медиумско претставување вести, посебни информативни програми и бесплатно политичко претставување на сите учесници во изборната кампања. Исто така, во соработка со Државната изборна комисија (ДИК), МРТ1 е должна да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и за други информации поврзани со изборниот процес. Оттаму, овие Правила утврдуваат во кои видови програми МРТ1 ќе ги покрива изборните процеси, а ги сублимира и обврските и стандардите за обезбедување право на одговор и исправка на објавена информација пропишани во Законот за медиуми.
Во продолжение од расправата по оваа точка, Стојан Трпчевски-Уредник на информативната програма во МТВ1, пред присутните членови на советот подетално ги објасни Правилата за медиумско покривање на претседателските и на парламентарните избори 2024, и притоа објасни дека овој правилник е пракса за сите избори до сега и во основа е пресликан од Изборниот законик.

**ТОЧКА3:Разгледување на Извештаи од редовен програмски и административен надзор на АВМУ врз МРА1, МРА2 и МРА3.**
Вовед во оваа точка даде членот Ристе Панов кој кажа дека од страна на Агенцијата за АВМУ извршен е редовен програмски надзор врз МРА1,МРА2 и МРА3 за законските обврски при емитување аудио комерцијални комуникации, обврските при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со дадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа, употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на радиото и дневно емитување определен процент изворно создадена музика.
Надзорот е извршен за почитување на членовите 53, 54, 55, 98, 99, 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуват правилата за емитување аудио комерцијални комуникации, за спонзорството, за пласирање на производи, за рекламирање и телешопинг односно за услови и за забраната за рекламирање и телешопинг.
За член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се однесува за користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање.
За член 94 е содржано за емитувањето на игри на среќа.
Додека за член 52 од законот извршена е контрола за обврскитепри обезбедување квизови или други облици на наградно учествување.
Агенцијата извршила контрола и според Правилникот за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност, на Правилник за спонзорство и на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.
Како констатации од надзорот на Агенцијата во сите извештаи стои дека со редовниот програмски надзор врз ЈРП МРТ за Македонско радио – Прв, втор и трет програмски сервис не се констатирани прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на подзаконските акти.

Агенцијата за АВМУ извршила иредовен административен надзор за обврските за објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврските за идентификација на радиодифузер е извршен врз врз програмските сервиси на Македонска Радиотелевизија-МРА 1,МРА 2 и МРА 3.
Програмскиот надзор е извршен за почитувањe на член 14 од Законот за медиуми кој се однесува за емитување на импресум. За член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и се однесува за информации достапни за корисницитеза името на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, потоа за адресата на седиштето на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга и податоци за контакт со давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга. Административен надзор е извршен и за член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и се однесува за идентификација на радиодифузер.
Агенцијата извршила контрола и за почитување на Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците.
Во сите извештаи од надзорот на Агенцијата стои констатацијата дека со редовниот административен надзор врз ЈРП МРТ за Македонско радио-Прв, втор и трет програмски сервис не се констатирани прекршувања на од Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на подзаконските акти.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беа разгледани два дописи пристигнати по пошта до Програмскиот совет на МРТ:
-Барање за увид во документација со бр.04-26/10 од 14.02.2024 година.
-Известување по предмет бр.14-746/2 од 20.02.2024 година.

Седницата заврши во 15.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател